TIKVEŠ

SINCE 1885

Веруваме дека луѓето се клучен фактор за врвни достигнувања и за успехот на една компанија. Успешната приказна за нашата компанија ја градиме со децении, континуирано вложувајќи во технологија, производство, развој и унапредување на човечките ресурси.

Денес винарската визба „Тиквеш" ја создава приказната за македонското вино во светот, прераснувајќи во клучен двигател на македонската индустрија за вино. Со цел да ја продолжиме оваа мисија, потребни ни се луѓе кои ја делат нашата посветеност и страст.

- Доколку сакате да придонесете за понатамошниот развој на еден од најиновативните и најперспективните вински брендови
- Доколку не можете да одолеете на приказната за виното и подготвени сте да бидете дел од една од највозбудливите индустрии за пијалаци
- Доколку сакате својот понатамошен професионален развој да го градите во динамична средина, исполнета со интересни предизвици

… придружете се на нашиот тим и аплицирајте за отворената работна позиција:

**СОРАБОТНИК ЗА МАРКЕТИНГ**

**Потребни квалификации:**
- Високо образование
- Одлично познавање на англиски јазик
- Одлично познавање на Microsoft Office
- Возачка дозвола Б категорија

**Профил на кандидатот:**
- Фокусираност кон резултати
- Професионалност и деловна култура
- Самоиницијативност и флексибилност, способност за тимско и индивидуално работење
- Поседување на амбиција и желба за усовршување на личните знања и вештини
- Организираност и посветеност на детали

**Клучни одговорности:**
- Развива и спроведува маркетинг концепти врз основа на дефинираната стратегија на компанијата за позиционирање на одделните брендови по пазари
- Учествува при развивање на брендови, концепти и активности засновани на целосен маркетинг микс во соработка со надворешни агенции и соработници
- Ја координира работата на агенциите со цел добивање на креативни и комуникациски концепти во согласност со одобрената бренд стратегија и планови
- Дефинира маркетинг материјали за брендот и пренесување на пораките до потрошувачите
- Подготвува разни маркетинг извештаи и презентации

Изборот на кандидатите ќе се направи по јасно утврдени критериуми, по пат на тестирање и интервјуирање на кандидатите.

Ако сте заинтересирани и верувате дека ги исполнувате потребните услови, може да аплицирате на следниот ЛИНК најдоцна до 15.08.2022 година.